РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-133
09.04.2024 година / viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 14-та седница одржана на 08.04.2024 година, согласно Заклучокот бр.02-1795/7 од 09.04.2024 година го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што во изданието бр.6 на „The Economist" од декември 2023 година не ги објавило податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот (кои не ги објавило ниту во изданието бр.5), а дополнително не ги објавило и податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 став 1 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 26-ти февруари 2024 година изврши контролен

административен надзор кај субјектот на надзорот, издавачот на печатен медиум Друштвото за производство, трговија и услуги (ДПТУ) КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“, при што констатираше дека издавачот на печатен медиум, делумно постапил по решението за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-199 од 30.05.2023 г.) односно од податоците за чиешто необјавување претходно бил опоменат, во изданието бр.6 на „The Economist“ од декември 2023 г. ги објавил само податоците за адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци. Имено, со надзорот е констатирано прекршување на член 14 став 1 од ЗМ, на начин што во изданието бр.6 на „The Economist“ од декември 2023 година не ги објавило податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот (кои не ги објавило ниту во изданието бр.5), а дополнително не ги објавило и податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје на 28.02.2024 г., испрати Допис Уп1 бр.0304-1008/2 од 28.02.2024 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на издавачот на печатен медиум, на 26.03.2024 г., за што во предвидениот рок ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗМ арх.бр.03-1008/3 од 02.04.2024 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 08.04.2024 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 став 1 од ЗМ, точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 14-та седница одржана на 08.04.2024 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1795/7 од 09.04.2024 г. донесе Решение со кое јавно се опоменува ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“, и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“;
- Управителот на ДПТУ КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

| Примено: Pranuar: | | 26.02.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0304 | 1008/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist", и тоа:

- изданието бр. 6 на „The Economist" од декември 2023 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 февруари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, кое Агенцијата го донесе на 30.05.2023 година, по извршен вонреден административен надзор над овој издавач на печатен медиум. Вонредниот надзор беше извршен на 06.04.2023 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*. Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр. 5 на „The Economist" од јануари 2023 година, не ги објавил податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:** На 30.05.2023 година, за непочитување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземање мерка – јавна опомена (бр. 03-199 од 30.05.2023 година) на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, по спроведен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1756/1 од 06.04.2023 година). Со изречената мерка му наложи на

издавачот на печатен медиум, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението (27.06.2023 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје **делумно постапило** по решението за преземање мерка – јавна опомена, односно од податоците за чиешто необјавување претходно беше опоменето, во изданието бр. 6 на „The Economist" од декември 2023 година ги објави само подацитe за адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

7. **Опис на прекршувањето**: Спротивно на член 14 став 1 од Законот за медиуми, Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, во изданието бр. 6 на „The Economist" од декември 2023 година не ги објавило податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот (кои не ги објавило ниту во изданието бр. 5), а дополнително не ги објавило и податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

8. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје и покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена (донесено на 30.05.2023 година) не ја отстрани во целост повредата на Законот за медиуми и продолжи со вршење на истата, се дава следната предлог мерка:

- Согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 став 2 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка – јавна опомена на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми. Согласно точка 14 од ова Упатство „*За констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во ова Упатство*" и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***